Република Северна Македонија

Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# *КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА*



**септември 2024 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# СОДРЖИНА

**Р Е З И М Е** ..... **2**

**1. РЕАЛЕН СЕКТОР** ..... **3**

Индустриско производство ..... 3

Број на работници во индустријата ..... 4

Продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар ..... 5

Индекси на прометот во индустријата ..... 6

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ..... 6

Број на извршени градежни работи по видови објекти ..... 7

Промет во секторот трговија ..... 8

Инфлација ..... 8

Берзански цени ..... 10

**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА** ..... **12**

Извоз ..... 12

Увоз ..... 13

Салдо на трговска размена ..... 15

Валутна структура ..... 15

**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР** ..... **15**

Буџетски приходи и расходи според економската класификација ..... 15

Расходи по буџетски корисници ..... 18

**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР** ..... **19**

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување ..... 19

Плати ..... 20

Пензии ..... 21

**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР** ..... **22**

Примарни пари ..... 22

Депозитен потенцијал ..... 22

Кредити на банките ..... 24

Каматни стапки на депозитни банки ..... 24

Пазар на капитал ..... 24

Девизни резерви ..... 25

# Р Е З И М Е
## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА
## септември 2024 година

- Во септември 2024 година, индустриското производство забележа пад од 7,9% во споредба со истиот месец претходната година;
- Во септември 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 4,8% во споредба со истиот месец минатата година;
- Прометот во индустријата во септември 2024 година во однос на септември 2023 година бележи пад за 7,6%;
- Стапката на инфлација во септември 2024 година изнесува 2,6% на годишно ниво и регистрира понатамошно забрзување на растот (2,2% во август 2024 година). На месечно ниво инфлацијата бележи раст од 0,3%;
- Во периодот јануари - септември 2024 година извозот забележа пад од 6,1%, а увозот пад од 0,5%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 16,8% споредено со истиот период од 2023 година;
- Во периодот јануари – септември 2024 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 222.736 милиони денари, што претставува 70,0% од планираниот износ за 2024 година, односно зголемување за 12,8% во однос на реализираните буџетски приходи споредено со истиот период од 2023 година;
- Во периодот јануари – септември 2024 година реализацијата на вкупните расходи изнесува 247.882 милиона денари, што претставува 68,3% од годишниот план, односно раст за 10,1% во однос на истиот период од 2023 година;
- Во септември 2024 година, вкупните кредити на банките се зголемија за 7,5% во споредба со септември 2023 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 8,8%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во септември 2024 година, индустриското производство забележа пад од 7,9% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намаленото производство во сите сектори: Рударство и вадење камен за 7,5%, Преработувачка индустрија за 6,6%, и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 10%.

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Раст на производството во септември 2024 година споредено со септември 2023 година бележат 9 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 36,0% од вкупната индустрија.

Од гранките со повисока додадена вредност, во септември 2024 година раст е забележан во следните гранки: производство на моторни возила, приколки и полуприколки за 2,6% со придонес од 0,3 п.п. и производство на електрична опрема за 13,8% со придонес од 0,7 п.п., додека пад е забележан во гранките производството на метали за 25,0%, со придонес од -1,1 п.п. и производство на машини и уреди за 9,2% со придонес од -0,6 п.п..

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС

Од традиционалните гранки, во септември 2024 година се забележува раст на производството во следните гранки: производство на тутунски производи за 114,9% со придонес од 1,4 п.п. и прехранбена индустрија за 2,9% со придонес од 0,3 п.п., додека намалување на производството се забележува во гранките производство на облека за 22,9% со придонес од -1,4 п.п., производство на пијалаци за 11,5% со придонес од -0,4 п.п., производство на кожа за 2,7% со придонес од 0,0 п.п., производство на текстил за 0,3% со придонес од 0,0 п.п. и преработката на дрво и производи од дрво и плута за 2,5% со придонес од 0,0 п.п..

Индустриското производство според намената на произведените единици во септември 2024 година споредено со септември 2023 година е намалено во следните групи: Енергија (пад од 14,9% со придонес од -1,9 п.п.), Интермедијарни производи, освен енергија (пад од 12,2% со придонес од -3,7), Трајни производи за широка потрошувачка (пад од 3,8% со придонес од -0,1 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (пад од 5,9% со придонес од -1,8 п.п.), а зголемување на производството се забележува само во групата Капитални производи (раст од 2,4% со придонес од 0,6 п.п.).




**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, септември 2024 година)*

Извор: ДЗС




**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, септември 2024 година)*

Извор: ДЗС

Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари - септември 2024 година е регистриран во групите: Капитални производи (за 1,4%) и Трајни производи за широка потрошувачка (за 4,4%), додека пад се забележува во следните гранки: Енергија (за 19,3%), Интермедијарни производи освен енергија (за 3,4%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (за 3,9%).

## Број на работници во индустријата

Во септември 2024 година, бројот на работници во индустријата е намален за 2,1% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намалениот број работници во секторот Преработувачка индустрија за 2,7%, додека раст се забележува во секторите Рударство и вадење камен за 4,6% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 1,0%. Раст на бројот на работници се забележува во гранките: производство на машини и уреди, неспомевати на друго место за 31,4%, производство на пијалаци за 14,7% и вадење на јаглен и лигнит за 12,4%.




**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*

Извор: ДЗС; пресметки на МФ

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во септември 2024 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележат групите: Енергија за 4,6%, Капитални производи за 6,1% и Трајни производи за широка потрошувачка за 24,2%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари - септември 2024 година бележи раст за 1,0%, што се должи на зголемениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 5,2%, Преработувачка индустрија за 0,7% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 0,9%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари - септември 2024 година е зголемен во секторите: Енергија за 4,5%, Капитални производи за 14,5% и Трајни производи за широка потрошувачка за 14,2%.

## Продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар

Во септември 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 4,8% во споредба со истиот месец минатата година. Покачувањето се должи на зголемените цени во секторите: Преработувачка индустрија за 3,2%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 14,3% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 4,5%, додека во секторот Рударство и вадење камен продажните цени се намалени за 2,8%.

**Графикон 1.5**: Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по сектори




Во септември 2024 година во споредба со септември 2023 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите Енергија за 13,2%, Производи за широка потрошувачка за 6,1%, Трајни производи за 3,6% и Нетрајни производи за 6,2%.

**Графикон 1.6:** Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по групи




На кумулативна основа, во периодот јануари – септември 2024 година во споредба со истиот период минатата година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 1,3%, што се должи на зголемените цени во секторите: Преработувачка индустрија за 0,6%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 5,1% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 2,6%, додека намалување на продажните цени има во секторот Рударство и вадење камен за 0,8%.

Во периодот јануари - септември 2024 во споредба со јануари – септември 2023 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 4,8%, Производи за широка потрошувачка за 5,3%, Трајни производи за 4,2% и Нетрајни производи за 5,4%.

## Индекси на прометот во индустријата

**Графикон бр.1.7:** Раст на прометот во индустријата во главните индустриски групи




Според податоците на Државниот завод за статистика, прометот во индустријата во септември 2024 година во однос на септември 2023 година бележи пад за 7,6%. Падот се должи на намалениот промет во секторот Преработувачка индустрија за 8,0%, додека во секторот Рударство и вадење камен е забележан раст за 4,4%.

Во септември 2024 година во споредба со септември 2023 година, прометот во индустријата се зголеми единствено во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка за 1,4%.

Гранки со најголем раст на прометот во индустрија во септември 2024 година во споредба со истиот месец минатата година се:

- Производство на останата опрема за транспорт (раст од 81,2%);
- Производство на тутунски производи (раст од 39,1%) и
- Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати (раст од 15,1%).

На кумулативна основа, во периодот јануари - септември 2024 година во споредба со истиот период минатата година, прометот во индустрија бележи пад за 12,2%, што се должи на намалениот промет во двата сектора - Рударство и вадење камен за 0,8% и Преработувачка индустрија за 12,6%.

Во периодот јануари - септември 2024 година во споредба со периодот јануари – септември 2023 година прометот во индустрија се зголеми само во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка за 0,4%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

**Графикон 1.8:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Во септември 2024 година издадени се вкупно 296 одобренија за градење, што претставува пад од 9,2% во однос на истиот месец од 2023 година. Тоа се должи на годишниот пад на издадени одобренија за градење за објекти од високоградба за 21,5% (кои во вкупниот број на издадени одобренија за градење учествуваат со 49,3%) и за реконструкција на објекти за 1,6%. Споредено со август 2024 година, бројот на издадени одобренија за градење е зголемен за 7,6%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во септември 2024 година е повисока за 12,6% на годишна основа, а во однос на претходниот месец таа бележи раст за

55,0%. Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 146 (или 49,3%) се наменети за објекти од високоградба, 90 (или 30,4%) за објекти од нискоградба и 60 (или 20,3%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 296 издадени одобренија за градење, на 131 објект (или 44,3%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 165 објекти (или 55,7%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во септември 2024 година предвидена е изградба на 755 станови со вкупна корисна површина од 67.372м². Бројот на предвидени станови за изградба е зголемен за 42,2% на месечно ниво, а намален за 2,3% на годишно ниво.

**Графикон 1.9:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(септември 2024)*




Извор: ДЗС.

Графикон 1.10: Предвидена вредност на објектите по региони *(во милиони денари)*




## Број на извршени градежни работи по видови објекти

Вкупната вредност на извршените градежни работи во август 2024 година изнесува 2.456 милиони денари, што претставува номинален годишен раст од 4,4%, при што раст се забележува кај високоградбата за 5,3%, кај нискоградбата за 3,4%, и кај специјализираните градежни работи за 6,4%. Споредено со јули 2024 година, вкупната вредноста на извршените градежните работи бележи пад од 12,2%, и тоа кај нискоградбата за 26,9%, додека раст бележат високоградбата за 3,4% и специјализираните градежни работи за 90,3%. Кумулативно, во периодот јануари – август 2024 година вредноста на извршените градежни работи изнесува 20.035 милиони денари, што е за 6,0% повеќе во споредба со истиот период минатата година.

**Графикон 1.11:** Извршени градежни работи (милиони денари)




Во рамки на извршените градежни работи, поголемиот дел се однесува на нискоградбата, кај која во првите осум месеци од годината се извршени градежни работи во вредност од 12.527 милиони денари, односно за 25,2% повеќе во однос на истиот период минатата година. Во овој период, вредноста на извршените работи кај високоградбата се намали за 18,3% и изнесува 6.764 милиони денари, а

кај специјализираните градежни работи вредноста на извршените работи изнесува 745 милиони денари, односно 22,1% повеќе во однос на истиот период минатата година.

На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари - август 2024 година се зголеми за 13,6%, при раст кај нискоградбата (34,0%) и кај специјализираните градежни работи (30,9%), додека кај високоградбата е забележан пад (12,5%).

## Промет во секторот трговија

Во септември 2024 година, податоците за внатрешната трговија покажуваат номинален годишен раст на прометот за 2,7%, по растот од 4,4% во август. Вредноста на прометот во септември 2024 година изнесува 65.329 милиони денари, додека кумулативно, во периодот јануари - септември 2024 година, вредноста на вкупниот промет во трговијата изнесува 591.421 милион денари, што е за 4,6% повеќе во однос на истиот период минатата година.

**Графикон 1.12:** Трговија на мало, реална годишна промена (%)




Кумулативно, во периодот јануари - септември 2024 година позитивен раст на прометот е забележан во секторите: трговија на големо, чија вредност на прометот изнесува 321.650 милиони денари, односно за 6,2% повеќе во однос на истиот период минатата година, трговија на мало, чија вредност на прометот изнесува 235.232 милиона денари, што е за 3,4% повеќе во споредба со иститот период од 2023 година, додека пад е забележан во секторот трговија со моторни возила и поправки, чија вредност на прометот изнесува 34.539 милиони денари или за 1,9% помалку во однос на истиот период лани.

На реална основа, во септември 2024 година трговијата на мало бележи годишен раст од 3,0%, додека анализирано по групи и класи, зголемување се забележува во следните групи: трговија на мало со непрехранбени продукти за 7,2% и трговија на мало со автомобилски горива за 6,9%, додека намалување бележи трговијата на мало со храна, пијалаци и тутун за 3,3%.

Во септември 2024 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (53,7%), а потоа следуваат Трговија на мало (40,4%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (5,9%).

## Инфлација

Стапката на инфлација во септември 2024 година изнесува 2,6% на годишно ниво и истата регистрира забрзување на растот (2,2% во август 2024 година). Растот на инфлацијата главно произлегува од базичната компонента, но овој месец покрај

Графикон 1.13: Инфлација според COICOP (стапки на раст во %)




Извор: ДЗС.

забрзувањето на базичната компонента се забележува и зголемен придонес и раст на прехранбената компонента. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари – септември 2024 година изнесува 3,3%.



Графикон 1.14: Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*

Во септември 2024 година, базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергентите) забележува забрзување на растот и изнесува 5,7% на годишна основа (5,3% претходниот месец). Најголем позитивен придонес овој месец имаат зголемените цени од категоријата Ресторани и хотели (1,5 п.п.).

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци[1] забележаа забрзување на растот и изнесуваат 1,7% (повисоки за 1,5 п.п. во споредба со претходниот месец), при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација во септември изнесува 0,7 п.п. и нејзиниот придонес е зголемен во споредба со претходниот месец. Најголем позитивен придонес во растот на цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци имаа зеленчукот (годишен раст од 7,5%, придонес од 0,5 п.п.) и безалкохолните пијалаци (годишен раст од 7,2%, придонес од 0,2 п.п.). Негативен придонес во цените на храната имаа цените на лебот (-0,1 п.п.).

Гледано по компоненти, највисок годишен раст на цените во септември 2024 година е забележан во категоријата Ресторани и хотели за 12,5% (придонес во растот на вкупната инфлација за 0,7 п.п.).

Раст на цените е регистриран и во следните категории: Разновидни стоки и услуги од 5,7%, Здравствена заштита од 5,4%, Рекреација и култура и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од по 5,2%[2], Комуникации од 4,6%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 3,8%, Облека и обувки од 2,1% и Домување, вода, електрика, гас и други горива и Образование од по 0,6%. Пад на цените е регистриран во категоријата Транспорт од 3,1%.



Графикон 1.15: Инфлација (годишни стапки на раст во %) за земјите од Западен Балкан

Во септември, потрошувачките цени се зголемија за 0,3% на месечно ниво (минатиот месец цените се зголемија за 0,5%). Растот на цените на месечно ниво се должи на растот на цените на

[1] Од март 2024 година престана да важи мерката за намалување на цените на основните прехранбени производи за 10%, кои во малопродажбата се продаваа со ознаката „гарантирана цена“.

[2] Цената на тутунските производи е зголемена во согласност со усвоените измени на Законот за акцизите, акцизата на цигарите ќе се зголемува за 0,23 денари по парче секоја година сè до 2030 година.

храната. Цените на храната се зголемија за 1,7% на месечно ниво и најголем придонес во растот имаа цените на зеленчукот (придонес од 0,5 п.п.).

Во септември 2024 година, цените на мало се зголемија за 3,3% на годишно ниво, при што се забележува забрзување на растот. На месечна основа, цените на мало регистрираа пад од 0,7%. Во периодот јануари – септември 2024 година, цените на мало се зголемија за 3,7% на годишно ниво.

Во септември 2024 година, стапката на инфлација во еврозоната се намали за 0,4 п.п. во споредба со август и изнесува 1,8%[3], што е под целта на Европската централна банка од 2% за првпат по повеќе од три години.

Септемвриските проекции на ЕЦБ за инфлацијата во еврозоната останаа непроменети. Согласно проекциите, стапката на инфлација во 2024 година би достигнала 2,5%, 2,2% во 2025 и 1,9% во 2026 година.

За 2024 година се очекува стапката на инфлација да се движи околу 2,5% со одредена нестабилност поврзана со базниот ефект на цените на енергијата. Не се очекува драстична промена на инфлацијата во текот на 2024 година и таа ќе остане над историскиот просек што го одразува бавното намалување на цените на услугите. Со оглед на тоа дека намалувањето на цените на храната се очекува да се пролонгира и енергетската компонетна да има мал позитивен придонес во вкупната инфлација, се очекува побавна дезинфлација и таргетот од 2% да биде постигнат во четвртиот квартал од 2025 година.

Графикон 1.16: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

## Берзански цени

Во септември 2024 година, цената на суровата нафта (Брент) на светските берзи се намали за 8,1% на месечно ниво и изнесува 74,3 долари за барел, што е одраз на намалената побарувачка на нафта во Кина и најавите дека ОПЕК очекува да го зголеми производството. На годишно ниво цената на нафтата е пониска за 21,0%.

Графикон 1.17: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во септември 2024 година, цената на природниот гас остана речиси непроменета (раст од 0,1%) на месечно ниво. Цената на гасот е под влијание на неколку фактори меѓу кои геополитичките тензии, вклучително и ескалацијата на конфликтот на Блискиот Исток и загриженоста за потенцијалните прекини во

[3] Податокот е процена на Евростат

снабдувањето на руско-украинската граница поради тековниот конфликт. Овие фактори ја зголемија вознемиреноста на пазарот на гас, што доведе до поголема нестабилност. Во септември 2024 година, цената на природниот гас се зголеми за 2,0% на годишно ниво.

На почетокот на 2024 година продолжи трендот на стабилизирање и намалување на цените на електричната енергија, но од мај цените регистрираа раст неколку месеци по ред, кој беше прекинат во август кога цените регистрираа пад на месечно ниво. Цената на електричната енергија во септември 2024 година според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) изнесува 106,1 евро за мегават/час и на месечно ниво се намали за 12,2%, додека на годишно ниво се зголеми за 2,2%.

Графикон 1.18: Берзански цени на метали
(цени во долари/тон)




Извор: Светска банка.

Во септември 2024 година, цените на повеќето основни метали регистрираа зголемување во споредба со претходниот месец, па така се зголемија цените на: алуминиумот и цинкот за по 4,5%, на бакарот за 3,0% и на оловото за 0,3%. Цените на преостанатите основни метали, поточно на никелот и калајот регистрираа намалување од 1,3% и 0,3%, соодветно.

На месечно ниво се намали и цената на железната руда, и тоа за 7,1%.

Овој месец цената на златото регистрираше раст од 4,5% на месечна основа и трендот на раст на месечно ниво го следеа и среброто и платината кои се зголемија за 5,6% и 2,3%, соодветно.

Во септември, цените на пченката и пченицата се зголемија на месечна основа за 8,6% и 6,5%, соодветно. Цената на сончогледовото масло се зголеми за 1,9% на месечна основа.

Табела 1.1 . Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Electricity (EUR/MWh) | Crude Oil, Brent ($/bbl) | Natural GAS, Europe ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2023 I | 148,7 | 83,1 | 714,1 |
| II | 146,2 | 82,7 | 585,1 |
| III | 113,4 | 78,5 | 488,7 |
| IV | 106,7 | 84,1 | 478,4 |
| V | 88,2 | 75,7 | 357,7 |
| VI | 96,6 | 74,9 | 366,2 |
| VII | 94,5 | 80,1 | 337,2 |
| VIII | 100,4 | 86,2 | 396 |
| IX | 103,8 | 94,0 | 408,6 |
| X | 104,9 | 91,1 | 515,5 |
| XI | 99,38 | 83,2 | 512,5 |
| XII | 81,72 | 77,9 | 407,1 |
| 2024 I | 85,73 | 80,2 | 338,2 |
| II | 69,35 | 83,8 | 288,3 |
| III | 65,12 | 85,5 | 302,6 |
| IV | 61,96 | 90,5 | 321,4 |
| V | 72,2 | 82,0 | 358,2 |
| VI | 91,7 | 82,6 | 384,6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| VII | 135,5 | 85,3 | 366,1 |
| VIII | 120,8 | 80,9 | 437,8 |
| IX | 106,1 | 74,3 | 416,94 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија (World Bank, Hungarian Power Exchange)

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите девет месеци од 2024 година изнесува 14.066,5 милиони евра и бележи пад од 2,9% во однос на истиот период минатата година.




Во периодот јануари - септември 2024 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27), како најголем трговски партнер, е зголемено за 0,1 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 61,9%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите девет месеци од 2024 година изнесува 23,5% и е намалено за 1,4 п.п. во однос на истиот период од 2023 година.




### Извоз

Вредноста на извезените стоки во првите девет месеци од 2024 година изнесува 5.861,1 милион евра и бележи пад од 6,1% (379,4 милиони евра) во однос на истиот период 2023 година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 0,5% во однос на истиот период минатата година.

Вредноста на извезените стоки во септември 2024 година изнесува 670,9 милиони евра и бележи пад од 9,0% (66,6 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е намален за 1,6% споредено со септември 2023 година.

Анализирано на месечно ниво, во септември 2024 година извозот бележи раст од 7,8% (48,3 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот тој регистрира месечен пад од 3,4%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (11,1 п.п.) врз извозот овој месец.

Вредноста на извозот на храна во првите девет месеци од 2024 година е зголемена за 40,9 милиони евра, што претставува раст од 11,5% во однос на истиот период од 2023 година, а количината на извезената храна е зголемена за 13,1%. Во структурата на вкупниот извоз на нашата земја, учеството на храната во првите девет месеци од 2024 година изнесува 6,8% и е зголемено за 1,1 п.п. во однос на истиот период од 2023 година. Во вкупниот извоз на храна, најголемо учество има извозот на следните производи: овошје и зеленчук (45,3%), жита и преработки од жита (22,5%), месо и преработки од месо (8,4%) и млечни производи и јајца (7,1%).




Анализирано според економските групации[4] на земјите, во периодот јануари - септември 2024 година споредено со истиот период од 2023 година, извозот бележи пад во групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион и Заедница на независни држави, а раст во групациите: Западен Балкан и Северноамериканска зона на слободна трговија. Извозот во ЕУ 27 бележи пад од 7,7% на годишно ниво и учествува со 77,7% во вкупниот извоз на Република Северна Македонија, додека извозот во земјите од Западен Балкан бележи раст од 7,6% и учествува со 14,0% во вкупниот извоз на нашата земја.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во првите девет месеци од 2024 година изнесува 8.205,4 милиони евра и бележи пад од 0,5% (42,6 милиони евра) во однос на истиот период од 2023 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 8,1%.

Вредноста на увозот во септември 2024 година изнесува 863,5 милиони евра, што претставува пад од 8,9% (84,3 милиони евра) во однос на истиот месец од 2023 година, а увезените количини стоки се намалени за 9,6% споредено со септември 2023 година.

Анализирано на месечно ниво, во септември 2024 година увозот бележи раст од 1,5% (12,5 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен пад од 2,6%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (4,1 п.п.) врз увозот овој месец.

[4] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот Регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).







Вредноста на увозот на храна во првите девет месеци од 2024 година е зголемена за 69,1 милион евра, што претставува раст од 9,9% во однос на истиот период од 2023 година, а количината на увезената храна е зголемена за 8,4%. Во првите девет месеци од 2024 година, учеството на храната во структурата на вкупниот увоз на нашата земја изнесува 9,4% и е зголемено за 0,9 п.п. во однос на истиот период од 2023 година. Во вкупниот увоз на храна, најголемо учество има увозот на следните производи: месо и преработки од месо (21,7%), овошје и зеленчук (14,9%), жита и преработки од жита (13,1%), кафе, чај, какао и зачини (11,3%) и млечни производи и јајца (10,4%).

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2023 | I-IX-2024 | Салдо | Стапки во% |
| 000 T | 100,6 | 92,2 | -8,4 | -8,3 |
| Мил.ЕУР | 79,9 | 65,5 | -14,4 | -18,1 |
| Мил $ | 86,6 | 71,0 | -15,6 | -18,0 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2023 | I-IX-2024 | Салдо | Стапки во% |
| 000 T | 916,4 | 870,0 | -46,5 | -5,1 |
| Мил.ЕУР | 668,5 | 620,3 | -48,2 | -7,2 |
| Мил $ | 724,3 | 674,1 | -50,2 | -6,9 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2023 | I-IX-2024 | Салдо | Стапки во% |
| 000 T | 60,2 | 48,7 | -11,4 | -19,0 |
| Мил.ЕУР | 1.824,0 | 1.411,3 | -412,7 | -22,6 |
| Мил $ | 1.976,0 | 1.533,0 | -443,1 | -22,4 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2023 | I-IX-2024 | Салдо | Стапки во% |
| 000 T | 21,7 | 22,8 | 1,2 | 5,3 |
| Мил.ЕУР | 136,7 | 131,9 | -4,8 | -3,5 |
| Мил $ | 148,1 | 143,2 | -4,9 | -3,3 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2023 | I-IX-2024 | Салдо | Стапки во% |
| 000 T | 495,9 | 502,3 | 6,4 | 1,3 |
| Мил.ЕУР | 447,0 | 389,5 | -57,5 | -12,9 |
| Мил $ | 484,2 | 423,4 | -60,8 | -12,5 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2023 | I-IX-2024 | Салдо | Стапки во% |
| 000 T | 510,7 | 516,8 | 6,1 | 1,2 |
| Мил.ЕУР | 381,9 | 356,2 | -25,8 | -6,7 |
| Мил $ | 413,4 | 386,9 | -26,5 | -6,4 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - септември 2024 година, трговскиот дефицит се зголеми за 16,8% односно 336,8 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во септември 2024 година, трговскиот дефицит се намали за 8,4% односно 17,7 милиони евра споредено со септември 2023 година.




Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки, стоки за широка потрошувачка и храна и пијалаци, како и на намалувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема. Од друга страна, пак, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со горива и мазива и стоки за инвестиции без транспортна опрема.

Во првите девет месеци од 2024 година, 91,8% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Грција, а потоа следуваат Турција, Полска, Италија, Србија, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Словачка, Чешка, Унгарија, Белгија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 91,9% од трговската размена во периодот јануари - септември 2024 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2023 година претставува зголемување за 0,2 п.п.. На страната на извозот и увозот еврото е застапено со 94,7% и 90,0%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 0,1 п.п, додека кај увозот е зголемена за 0,6 п.п. во однос на периодот јануари – септември 2023 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I-IX-2023 | | | | | I-IX-2024 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 4.484,1 | 7.373.051.475 | 61,5768 | 454.008.916.044 | 89,4 | 4.404,4 | 7.381.465.141 | 61,5445 | 454.288.581.399 | 90,0 | 8.413.667 | 0,1 |
| УСД | 783,9 | 877.626.109 | 56,8590 | 49.900.942.959 | 9,8 | 432,7 | 815.764.802 | 56,6306 | 46.197.250.212 | 9,1 | -61.861.307 | -7,0 |
| ГБП | 1,4 | 16.205.875 | 70,7296 | 1.146.235.054 | 0,2 | 2,0 | 17.592.077 | 72,2904 | 1.271.738.271 | 0,3 | 1.386.202 | 8,6 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 5.269,5 | | | 505.056.094.057 | 99,2 | 4.839,1 | | | 501.757.569.881 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 5.282,0 | | | 507.920.640.742 | 100,0 | 4.854,4 | | | 505.021.086.781 | 100,0 | | -0,6 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи и расходи според економската класификација

Во периодот јануари – септември 2024 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 222.736 милиони денари, што претставува 70,0% од планираниот износ за 2024 година, односно зголемување за 12,8% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2023 година. Во рамки на вкупните приходи, 206.692 милиона денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси, со што стапката на реализација е 72,7% од планираниот износ за 2024 година, односно се забележува

раст од 16,5% во однос на претходната година. Притоа, даночните приходи се реализирани во вкупен износ од 128.639 милиони денари (реализација од 73,2% од планираниот износ за 2024 година), додека придонесите се реализирани во износ од 76.703 милиони денари (годишен раст од 15,0%, односно 72,9% од планираниот износ за 2024 година). Во рамки на даночните приходи се забележува раст кај сите приходи, и тоа: данок на личен доход за 17,5%, данок на добивка за 17,6%, данок на додадена вредност за 21,4%, акцизи за 8,6%, увозни давачки за 16,2% и други даночни приходи за 36,0%. Во овој период, неданочните приходи бележат раст од 4,8%, а капиталните приходи од 6,9%, додека приходите по основ на странски донации бележат намалување за 72,2%.

Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – септември 2024 година изнесува 247.882 милиона денари, што претставува 68,3% од годишниот план, односно раст од 10,1% во однос на истиот период од 2023 година. Притоа, тековните расходи се реализирани во износ од 230.537 милиони денари или 72,5% од планираниот износ за целата година, што претставува раст од 16,8% во однос на истиот период од 2023 година. Раст се забележува и кај расходите за плати и надоместоци за 21,8%, кај расходите за стоки и услуги за 12,5% и кај каматните расходи за 37,7%. Трансферите, коишто се најголема категорија на тековните расходи, се зголемија за 14,8%, водени од растот кај социјалните трансфери за 15,8%, расходите за здравствена заштита за 14,3%, блок и наменските дотации за 12,2% и субвенциите и трансферите за 14,0%. Капиталните расходи се реализирани во износ од 17.345 милиони денари и се пониски за 37,4% во споредба со истиот период од 2023 година. Стапката на реализација на капиталните расходи во периодот јануари – септември 2024 година во однос на планираниот износ изнесува 38,8%.

Табела 3.1. Извршување на Буџетот на РСМ за периодот јануари – септември 2024 година

| | Ребаланс на Буџет 2024 | јануари-септември 2024 | | |
|---|---|---|---|---|
| | милиони денари | милиони денари | годишна стапка на раст (во %) | стапка на реализација |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **318.150** | **222.736** | **12,8%** | **70,0%** |
| **Даноци и придонеси** | **284.469** | **206.692** | **16,5%** | **72,7%** |
| Даноци | 175.751 | 128.639 | 17,6% | **73,2%** |
| Данок на личен доход | 31.542 | 22.251 | 17,5% | **70,5%** |
| Данок на добивка | 21.118 | 15.753 | 17,6% | **74,6%** |
| ДДВ | 78.458 | 59.079 | 21,4% | **75,3%** |
| Акцизи | 29.837 | 21.495 | 8,6% | **72,0%** |
| Увозни давачки | 13.556 | 9.362 | 16,2% | **69,1%** |
| Други даночни приходи | 1.240 | 699 | 36,0% | **56,4%** |
| Придонеси | 105.212 | 76.703 | 15,0% | **72,9%** |
| **Неданочни приходи** | **22.541** | **12.725** | **4,8%** | **56,5%** |
| **Капитални приходи** | **3.240** | **1.495** | **6,9%** | **46,1%** |
| **Странски донации** | **7.900** | **1.824** | **-72,2%** | **23,1%** |
| **Приходи од наплатени заеми** | **0** | **0** | **/** | **/** |



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **362.816** | **247.882** | **10,1%** | **68,3%** |
| **Тековни расходи** | **318.118** | **230.537** | **16,8%** | **72,5%** |
| Плати и надоместоци | 44.537 | 31.995 | 21,8% | **71,8%** |
| Стоки и услуги | 25.509 | 15.775 | 12,5% | **61,8%** |
| Трансфери | 230.439 | 168.025 | 14,8% | **72,9%** |
| Социјални трансфери | 169.794 | 124.740 | 15,8% | **73,5%** |
| ПИОСМ | 104.495 | 77.660 | 17,2% | **74,3%** |
| Паричен надоместок за невработени лица | 2.926 | 1.929 | 60,1% | **65,9%** |
| Социјална помош | 14.928 | 11.097 | 6,6% | **74,3%** |
| Здравствена заштита | 47.445 | 34.054 | 14,3% | **71,8%** |
| Други трансфери | 58.215 | 42.011 | 13,0% | **72,2%** |
| Камата | 17.632 | 14.742 | 37,7% | **83,6%** |
| **Капитални расходи** | **44.698** | **17.345** | **-37,4%** | **38,8%** |
| **БУЏЕТСКО САЛДО** | **-44.666** | **-25.146** | **-8,8%** | **56,3%** |

Извор: Министерство за финансии

**Графикон 3.1.** Структура на остварени даночни приходи, јануари – септември 2024 година




Извор: Министерство за финансии

**Графикон 3.2.** Структура на реализирани расходи според економска класификација, јануари – септември 2024 година




Извор: Министерство за финансии



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

Во периодот јануари – септември 2024 година е остварен дефицит на Буџетот на РСМ од 25.146 милиони денари, што претставува 2,6% од проектираниот БДП за 2024 година, односно 56,3% од годишниот план.

**Графикон 3.3.** Буџетски дефицит, кумулативни податоци (мил. денари)




## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во периодот јануари – септември 2024 година, Министерството за социјална политика, демографија и млади реализира 53.118 милиони денари или 82,3% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (70,8%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 37.608 милиони денари или 86,0% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 20,5% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 76,5% (10.887 милиони денари) од планираните за 2024 година.

Во анализираниот период, Министерството за образование и наука изврши буџетски средства во износ од 28.289 милиони денари, што е 70,1% од вкупниот буџет за 2024 година. Најголем дел од расходите (57,1%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 16.141 милиони денари или 71,8% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 20,0%, за што се потрошени 5.653 милиони денари, односно 71,7% од вкупно предвидените.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(септември 2024 година)*




Во периодот јануари – септември 2024 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 10.552 милиона денари, што претставува 73,0% од сопственият буџет за 2024 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 68,3%, за што се потрошени 7.208 милиони денари или 73,0% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 18,0%. За таа намена беа реализирани 1.903 милиони денари или 66,2% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 6.135 милиони денари што претставува 63,6% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 92,5% во вкупните расходи, реализирани се 69,4% од планираните средства за цела година, односно 5.676 милиони денари.

Во периодот јануари – септември 2024 година, Министерството за одбрана реализира 12.447 милиони денари, што е 68,9% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има

најголемо учество во расходите со 35,5%, па за таа намена реализацијата изнесува 4.419 милиони денари (70,2% од вкупно предвидените средства за тековната година). Капиталните расходи учествуваат со 33,4% во вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 4.157 милиони денари, односно 70,1% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – септември 2024 година, Владата на Република Северна Македонија реализира вкупно 2.235 милиони денари, односно 58,2% од планираните средства за 2024 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со 57,6% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 1.286 милиони денари (61,3% од предвидените средства).

Во анализираниот период, Министерството за здравство изврши буџетски средства во износ од 5.188 милиони денари или 69,0% од вкупниот буџет за 2024 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите со 52,2%, за што се потрошени 2.707 милиони денари или 77,4% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 1.994 милиони денари (64,0% од планираното за годината) и учество од 38,4% во вкупните расходи.

Во периодот јануари – септември 2024 година, Министерството за транспорт и врски реализира средства во износ од 2.609 милиони денари, што е 20,0% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 73,1% од вкупно реализираните средства на овој буџетски корисник (1.906 милиони денари или 16,2% од вкупно планираните средства).

Во овој период, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 1.195 милиони денари, што претставува 67,8% од предвидените за 2024 година. Плати и надоместоци (472 милиона денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 39,5%, а притоа се реализирани 72,8% од планираните. По основ на Субвенции и трансфери отпаѓаат 23,4% од вкупните расходи, а реализацијата за таа намена изнесува 280 милиони денари или 84,6% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).

## 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

### Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во првите девет месеци од 2024 година, во Агенцијата за вработување се регистрирани вкупно 141.758 новозасновани работни односи. Во однос на истиот период од 2023 година, вкупниот број нововработени лица е намален за 4,7%.

Од вкупниот број нововработени, 41,3% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во септември 2024 година, 21,0% се од евиденцијата на невработени.

Графикон 4.1: Преглед на невработени лица
(износи во единици)




Извор: АВРСМ.


MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Вкупниот број невработени лица во септември 2024 година изнесува 145.768, од кои 99.388 лица се активни баратели на работа, а 46.380 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 2,8%, а почнувајќи од мај 2021 година тој бележи континуиран годишен пад. Во однос на август 2024 година, бројот на невработени е зголемен за 618 лица.

Најголем дел од активните невработени лица (59,1%) е градско население, а според половата структура 47,8% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 68,7%, е со непотполно средно образование или помалку, 23,8% со завршено средно образование, а 7,4% со вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 49,5% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 59,4% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, а 13,2% чекаат 8 и повеќе години.

Графикон 4.2: Преглед на нови вработувања
(износи во единици)




Извор: АВРСМ

Графикон 4.3: Просечна нето-плата
(годишни стапки на раст во %)




Извор: ДЗС

## Плати

Според соопштението на Државниот завод за статистика, просечната номинална нето-плата во август 2024 година изнесува 41.097 денари и оствари годишен раст од 12,9%, а во однос на јули 2024 година таа е повисока за 0,3%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на август 2023 година се забележува во следните сектори: Образование (18,9%), Уметност, забава и рекреација (18,8%) и Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување (17,0%). Во август 2024 година, реалните плати забележаа годишен раст од 10,5%. Највисока просечна нето-плата во август 2024 година е исплатена во секторот Информации и комуникации (77.131 денар), во чии рамки највисок износ на нето-плата е исплатен во дејноста Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (96.574 денари), по што следуваат Финансиски дејности и дејности на

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
(годишни стапки на раст во %)




Извор: ДЗС

осигурување со 56.040 денари, секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 53.258 денари и секторот Рударство и вадење камен со 51.465 денар.

Просечната номинална бруто-плата во август 2024 година изнесува 61.806 денари и споредено со истиот месец од 2023 година порасна за 13,2%, а на месечна основа таа е повисока за 0,4%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во август 2024 година во однос на август 2023 година се забележува во следните сектори: Образование (19,3%), Уметност, забава и рекреација (18,9%) и Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување (17,3%).

**Графикон 4.5:** Просечна нето-плата по сектори, август 2024 година *(во илјада денари)*




Извор: ДЗС.

## Пензии

Во септември 2024 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување се евидентирани 341.956 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 70,7% се корисници на старосна пензија или 241.755 пензионери, 21,7% на семејна пензија или 74.292 пензионера и 7,6% на инвалидска пензија, односно 25.909 пензионери.

**Графикон 4.6:** Корисници на пензии и просечна пензија *(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

Просечната пензија во септември 2024 година изнесува 23.740 денари односно за 18,1% повисока во однос на истиот месец од 2023 година[5]. Растот на пензиите е резултат, меѓу другото, и на мартовското усогласување на пензиите според методологијата која предвидува усогласување на пензиите со комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоците на живот, согласно официјалните податоци на ДЗС. Според оваа методологија, почнувајќи од март 2022 година усогласувањето се врши двапати во годината, односно во март и септември.

Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во август 2024 година (последни расположливи податоци) изнесува 51,6%.

Просечната старосна пензија во септември 2024 година изнесува 25.396 денари, просечната инвалидска пензија 21.320 денари, а просечната семејна пензија 19.195 денари. За исплата на пензиите овој месец се потрошени 6.980 милиони денари, што претставува 48,7% од вкупните социјални трансфери.

**Табела 4.1** Податоци за пензиски примања за септември 2024 година

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

| Корисници на пензија | број | структура | просечна пензија |
|---|---|---|---|
| старосни | 241.755 | 70,7% | 25.396,00 |
| инвалидски | 25.909 | 7,6% | 21.320,00 |
| семејни | 74.292 | 21,7% | 19.195,00 |
| Вкупно | 341.956 | 100,0% | 23.740,00 |
| **Корисници на миним. земјоделски пензии** | 39 | | 13.398,00 |
| **Корисници на воени пензии** | 750 | | 32.673,00 |
| **Вкупно** | 342.745 | | 23.758,00 |

**Извор: Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија**

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во септември 2024 година, Народната банка ја намали основната каматна стапка за 0,25 п.п. од 6,30% на 6,05%, откако неколку месеци по ред ја држеше основната каматна стапка непроменета со цел да ја стабилизира инфлацијата на подолготрајна основа. Одлуката за олабавување на монетарната политика се заснова на оценката на инфлацијата, најновиот развој на клучните макроекономски показатели и поволните движења на девизниот пазар. Ова намалување е во согласност со монетарната политика на ЕЦБ, која двапати ја намали каматната стапка во септември 2024 година.

Во септември 2024 година, Народната банка ги задржа расположливите депозити преку ноќ и расположливите депозити на седум дена на нивото од 4,20% и 4,25%, соодветно.

## Примарни пари

Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити (септември 2024 година)




Извор: НБРСМ.

Во септември 2024 година, примарните пари[6] се зголемија за 7,0% на месечно ниво. Растот на примарните пари се должи на зголемувањето на вкупните ликвидни средства за 16,1%, додека готовите пари во оптек се намалија за 1,5%.

Во септември 2024 година, примарните пари се зголемија за 21,7% на годишно ниво, што се должи на растот на вкупните ликвидни средства и готовите пари во оптек за 33,8% и 10,6%, соодветно.

## Депозитен потенцијал[7]

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.

[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од




Во септември 2024 година, вкупните депозити на банките се намалија за 0,4% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец депозитите на домаќинствата се зголемија за 0,1%, додека депозитите на претпријатијата се намалија за 0,5%.

Од аспект на валутата, во септември 2024 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна и странска валута регистрираа пад од 0,5% и 0,3%, соодветно.

Во септември 2024 година, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 8,8% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута се зголемија за 13,1%, а депозитите во странска валута за 3,6%.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 4,7% на годишно ниво, а депозитите на домаќинствата раст од 11,2%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (септември 2024 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***555.602*** | ***-0,4%*** | ***8,8%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *319.610* | *-0,5%* | *13,1%* |
| *Странска валута* | *235.993* | *-0,3%* | *3,6%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *212.929* | *-2,3%* | *-2,0%* |
| *Долгорочни* | *139.068* | *2,7%* | *23,9%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***469.266*** | ***0,4%*** | ***7,5%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *284.499* | *0,9%* | *13,6%* |
| *Странска валута* | *184.767* | *-0,4%* | *-0,7%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *69.352* | *0,2%* | *4,5%* |
| *Долгорочни* | *383.189* | *0,6%* | *7,9%* |

Извор: НБРСМ

новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Според рочноста, на годишно ниво, краткорочните депозити се намалија за 2,0%, додека долгорочните депозити регистрираа раст од 23,9%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 57,5%.

## Кредити на банките

Во септември 2024 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,4% на месечно ниво, во услови на раст на кредитирањето на домаќинствата за 0,8%, додека кредитите на претпријатијата се намалија за 0,1%.

Од аспект на валутата, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 0,9%, додека девизните кредити се намалија за 0,4%.

На годишна основа, во септември 2024 година вкупните кредити се зголемија за 7,5%, во услови на раст на кредитите на претпријатијата и кредитите кон домаќинствата за 7,5% и 7,7%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 13,6%, додека кредитите во странска валута се намалија за 0,7%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 7,9%, а краткорочните кредити од 4,5%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во септември 2024 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,03 п.п. во споредба со претходниот месец и таа изнесува 5,41%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,02 п.п. и изнесува 5,84%, а каматната стапка на девизните кредити регистрираше пад од 0,05 п.п. и изнесува 4,82%.




Во септември 2024 година, вкупната каматна стапка на депозитите се зголеми за 0,05 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 2,01%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,07 п.п. и изнесува 2,50%, а на девизните депозити за 0,04 п.п. и изнесува 1,58%

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 5,41%, а на новоодобрените девизни кредити 3,95%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,98% и 2,14%.




## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во септември 2024 година се зголеми за 70,7% на месечно ниво, како резултат на

прометот од блок трансакциите за 252,3% и растот на класичното тргување за 15,8%.

Вкупниот промет на берзата во септември 2024 година изнесува 874,1 милион денари, што претставува зголемување за 51,5% на годишно ниво.

На крајот на септември 2024 година македонскиот берзански индекс МБИ-10 изнесува 8.778,6 индексни поени, при што на месечно ниво е зголемен за 2,3%, а во однос на истиот месец претходната година за 51,3%.

## Девизни резерви

Износот на бруто девизните резерви на крајот на септември 2024 година е 4.406,6 милиони евра и во однос на претходниот месец тој е намален за 1,4%, а во однос на септември 2023 година девизните резерви се зголемени за 12,9%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0